INCLUDE

Инклузивно лидерство и демократско учество на лицата со попреченост

ИЗВЕШТАЈ ОД ФОКУС ГРУПИ

Фокус групи со лица со попреченост: непосредни сознанија за искуствата, предизвиците и идеите за унапредување на лидерството и застапеноста

Работен пакет 2 · Задача T2.2 · Фокус групи со лица со попреченост

Подготвил: Здружение Икуалити

Проект: 101252776 · CERV-2025-CITIZENS-CIV

Извештај од фокус групи со лица со попреченост

Од учество до влијание: Гласот на лицата со попреченост во јавниот и политичкиот живот

Датум на одржување	26 октомври 2026 (во живо); 27 октомври 2026 (онлајн)
Учесници	9 лица: 5 жени и 4 мажи
Возраст	18–37 години
Опфат	Искуства, бариери, застапеност, лидерство и препораки за инклузивно учество

Цел и пристап

Како дел од проектот INCLUDE – Инклузивно лидерство и демократско учество на лицата со попреченост, беа одржани фокус групи во живо и онлајн со лица со попреченост, со цел да се истражат нивните лични искуства од граѓанско и политичко учество, пречките за преземање лидерски улоги и можностите за подобрување на институционалните практики. Разговорите имаа цел и заеднички да идентификуваат содржини за Прирачникот за инклузивна застапеност.

Извештајот претставува интегрирана тематска синтеза на споделените ставови и искуства. Поединечните мислења се прикажани анонимно, без разликување според начинот на учество. Наведените примери ги одразуваат искуствата и проценките на учесниците, а не независно потврдени институционални факти.

Краток преглед на клучните наоди

Учесниците го поврзуваат суштинското учество со можноста самостојно да ги изразат своите потреби, да предлагаат решенија и да влијаат врз конечните одлуки. Присуството на настан, формална консултација или застапување преку други не се смета за доволно без опиплив резултат. Покрај поединечните позитивни искуства, учесниците посочија непристапна инфраструктура, несоодветна комуникација, предрасуди, недоследни институционални одговори и нееднакви можности во различни средини и групи.

1. Тематски наоди

1.1. Значењето на учеството и правото секој да зборува во свое име

За учесниците, учество значи присуство во јавниот и културниот живот, вклучување во младински совети, јавни расправи и граѓански иницијативи и, каде што е можно, директно донесување одлуки. Особено беше истакнат принципот „Ништо за нас без нас“: лицата со попреченост треба самите да ги изразуваат своите искуства, а кога застапувањето е посредно, претставникот треба добро да ги познава потребите на заедницата.

Учесниците побараа вклучување во целиот процес, од планирање и консултации до следење на спроведувањето на решенијата.

1.2. Искуства на слушнат или занемарен глас

Еден конкретен позитивен пример се однесуваше на прифаќање предлог за пристапност при изградба на нова општинска зграда. Беше споделено и искуство со универзитетски професори кои обезбедиле пристапни електронски материјали за студент со оштетен вид. Дел од учесниците

препознаа подготвеност кај претставници на локалната власт да слушнат и да одговорат на одредени потреби.

Наспроти тоа, учесниците опишаа институционални средби на кои службени лица му се обраќале на придружникот наместо директно на лицето со попреченост. Споменаа и недоволно објавувани јавни расправи, недостиг од проверка на реализираните мерки за пристапност, празни ветувања и недоволно сериозно разгледување на предлозите. Таквите искуства ја нарушуваат довербата и подготвеноста за идно учество.

1.3. Лидерски стремежи, активизам и доверба

Постои интерес за застапување на правата и преземање поактивна улога, но не секогаш и доверба во политичките или организациските механизми. Дел од учесниците сметаат дека нивните напори не водат кон промени, дека одлуките не се транспарентни или дека активистите остануваат само присутни без вистинска можност да влијаат. Други би се ангажирале повеќе доколку гледаат конкретни резултати и поддршка од граѓани кои не се директно засегнати од попреченоста.

Како предизвик беа посочени и внатрешните односи во некои организации: фаворизирање одредени членови, нееднаков пристап до информации и можности и недоволна поддршка за нови иницијативи. Истовремено беше нагласен лидерскиот потенцијал на младите кога соработуваат со поискусни активисти.

1.4. Физичка пристапност, превоз и лична асистенција

Пристапноста беше препознаена како основен предуслов за учество, а не само како техничко приспособување. Учесниците споменаа улици и згради со пречки, рампи што не се користат или не одговараат на потребите, несоодветно приспособен јавен превоз и здравствени установи во кои не може самостојно да се пристапи. Еден учесник опиша медицински преглед извршен надвор од ординацијата бидејќи лифтот бил непристапен или не работел.

Беше истакната и потребата од подобра обука за возачи и институционални вработени, редовно користење на рампите во автобусите и подолга или пофлексибилна лична асистенција, вклучително и за време на викендите. Едно лично сведоштво опиша подолг период без личен асистент кој, заедно со непристапниот превоз, сериозно ги ограничил независното движење и учеството.

1.5. Предрасуди, дискриминација и институционална култура

Според учесниците, сè уште се распространети претпоставките за помали способности на лицата со попреченост. Поради тоа, некои постојано чувствуваат потреба да ги докажуваат своите способности и, поради замор, понекогаш избираат да не учествуваат во непознати средини. Покрај физичката пристапност, тие побараа почитување, директна комуникација, обука на вработените, редовна надворешна евалуација и поголема одговорност на јавната администрација.

1.6. Локално и национално ниво; територијални разлики

Дел од учесниците сметаат дека со општините полесно се остварува директна комуникација, но промените на национално ниво може да имаат поширок досег. Други не забележуваат значителна разлика меѓу двете нивоа. Многу поизразена е разликата меѓу Скопје, поголемите градови и помалите или руралните средини: помалку пристапна инфраструктура, помалку активности и помалку можности за учество во помалите заедници.

Некои учесници кажаа дека се преселиле поради недостаток на пристапност, можности за студирање или самостојно живеење во претходните средини. Побараа локалните власти да планираат долгорочно и да го следат спроведувањето на усвоените мерки, наместо да се ограничуваат на изолирани интервенции.

1.7. Различни потреби и нееднакви можности

Беа нагласени бариерите со кои се соочуваат лица со оштетен вид или слух, лица со интелектуална и психосоцијална попреченост, лица со ретки состојби и лица од рурални средини или со ограничени финансиски средства. Учесниците посочија недостиг од пристапни содржини, комуникациски приспособувања и соодветна институционална поддршка. Изразена беше загриженост дека одредени лица немаат пристап до конкретни бенефиции поради начинот на дефинирање на категориите за подобност. Ова е лично сведоштво кое бара дополнителна проверка од надлежните институции.

За лицата на кои им е потребна поддршка при изразување на ставовите, решението не е исклучување ниту автоматско заменување на нивниот глас со гласот на семејството, туку обезбедување приспособени форми на комуникација и учество.

1.8. Добри практики и нивната одржливост

Покрај поединечни позитивни искуства со локалните власти, образованието и граѓанските иницијативи, некои учесници споменаа урбани и културни организации како средини што нудат можности за вклучување. Во исто време, други не можеа да посочат стабилен системски модел, туку само изолирани чекори без јасна одржливост. Затоа позитивните примери треба да се оценуваат и според континуитетот, пристапноста и вистинското влијание врз одлуките.

1.9. Поддршка потребна за активизам и лидерство

Идентификуваните потреби вклучуваат практична обука за комуникација со институции, изразување и аргументирање барања, јавно говорење, застапување и следење постапки до конечно решение. Учесниците побараа менторство од луѓе со директно искуство во граѓанскиот и демократскиот живот, наместо обуки без практична примена. На учеството влијаат и пристапните материјали, личната асистенција, превозот, финансиската поддршка и поддршката од поширокаата заедница.

2. Насоки за Прирачникот за инклузивна застапеност

Изразените ставови укажуваат дека Прирачникот треба да биде практична алатка и за лицата со попреченост и за институциите. Предложени се печатена и пристапна дигитална верзија, јасен и едноставен јазик, визуелни објаснувања и примери и, по потреба, алтернативни формати со соодветна комуникациска поддршка.

- Насоки чекор по чекор за барање средба со општина или институција, формулирање барање, следење на одговорот и проверка на реализацијата.
- Обрасци за покани, барања за средби, предлози, записници и контролни листи за пристапни јавни консултации.
- Правила за навремени и лични покани, пристапни простори и материјали, комуникациски приспособувања и активно вклучување наместо симболично присуство.
- Насоки за вработените директно и со почит да комуницираат со лицата со попреченост наместо автоматски да им се обраќаат на придружниците.
- Вистински, проверени добри практики, вклучително и примери како конкретен предлог довел до промена.
- Поедноставен јазик и избегнување стигматизирачки термини како „болест“, „инвалид“ и „хендикепиран“; користење терминологија со почит и признавање на личниот начин на самоидентификација.
- Пилотирање со лица со различни видови попреченост и со општини, министерства, образовни и други јавни институции и граѓански организации.

3. Приоритетни препораки

1. Од консултација до влијание: воспоставување постапки за вклучување на лицата со попреченост во секоја фаза на одлучувањето, со повратна информација за прифатените и одбиените предлози.
2. Пристапноста како услов за учество: однапред проценување на простори, јавен превоз, информации, дигитални содржини и комуникациска поддршка; проверка на спроведените решенија на терен.
3. Институционален капацитет и отчетност: континуирани обуки за службениците и модераторите на консултации, со јавна отчетност и периодична евалуација на мерките.
4. Поддршка за младинско лидерство: практични обуки, менторство, комуникациски вештини и вистински можности за водење иницијативи, со поддршка од искусни активисти.
5. Рамноправна застапеност: отворен пристап до информации, транспарентен избор на учесници и приспособени механизми за лица со различни потреби, вклучително и надвор од поголемите градови.
6. Следење на резултатите: мерење конкретни промени – реализирани предлози, подобрени услуги и простори, повеќе лица со попреченост во советодавни и одлучувачки улоги и поголема независност.

4. Заклучок

Заедничките ставови покажуваат дека учесниците не бараат само да бидат консултирани, туку да имаат рамноправна, пристапна и влијателна улога во јавниот и демократскиот живот. Предизвиците произлегуваат истовремено од непристапната средина, институционалната култура, недоволната поддршка и ограничените лидерски можности. Постојат поединечни позитивни искуства, но потребен е премин кон редовни, јасни и одржливи механизми што може да се оценуваат според конкретните резултати.

За INCLUDE, овие наоди даваат директни насоки за развивање Прирачник што ќе ги поврзе личното зајакнување, институционалните постапки и практичното следење на промените. Посакуваниот долгорочен исход е поголема видливост и независност на лицата со попреченост, повеќе млади кои активно ги застапуваат своите права и учество со вистинско влијание врз одлуките.

Методолошка забелешка: Тематскиот извештај се темели на искуствата и проценките споделени од 9 учесници. Не се прават статистички генерализации, а поединечните тврдења за институции или носители на функции не се независно проверени.